У.5.бр.2032/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет и судиите Виолета Богојеска и Елмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ – Велес, преку полномошник адвокат Трајче Трајковски од Велес, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-762/5 од 14.11.2019 година, за избор на најповолна понуда, на седницата одржана на 06.02.2020 година донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ – Велес, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-762/5 од 14.11.2019 година, за избор на најповолна понуда, СЕ ПОНИШТУВА и СЕ ПРЕСУДУВА:

Се задолжува договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и адвокатски трошоци за состав на жалба во износ од 5.000,00 денари и 900,00 денари за пресметан ДДВ и 1.300,00 денари за состав на полномошно, согласно Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во останатиот дел од изреката, оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-762/5 од 14.11.2019 година, останува непроменето.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореноот Решение бр.09-762/5 од 14.11.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја уважила жалбата на ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ – Велес (сега тужителот) и ја поништила Одлуката за избор на најповолен понудувач од 21.10.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09186/2019 за набавка на стоки – огревно дрво на договорниот орган Општина Чаир и го задолжила договорниот орган на жалителот – сега тужител да му ги надомести трошоците за жалбената постапка кои се однесуваат за такса за жалба во износ од 250,00 денари и такса за надомест за водење на постапката во висина од 3.070,00 денари, како и адвокатски трошоци за состав на жалба во висина од 5.900,00 денари и 1.080,00 денари за пресметан ДДВ, додека барањето за исплата на надомест за адвокатски трошоци во останатиот износ го одбила како неосновано, од причина што барањето за надомест на адвокатски трошоци за состав на полномошно и жалба е неоправдано и недокажано.

Незадоволен од ставот 3 од изреката на оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-762/5 од 14.11.2019 година, во делот на барањето за исплата на адвокатските трошоци, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено во овој дел поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека во конкретниот случај адвокатските трошоци се пријавени во постапката по жалба и истите се прецизирани за кое дејствие се однесуваат со Трошковник изготвен согласно Адвокатската тарифа.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се делумно основани, поради што му предложи на судот тужбата на тужителот делумно да ја уважи и оспореното решение во точката 3 од изреката да го поништи и предметот да го врати на повторно одлуччување и постапување или мериторно да одлучи за трошоците од ставот 3 од изреката на оспореното решение на начин што ќе го задолжи договорниот орган да му ги надомести адвокатските трошоци на тужителот во висина која ќе ја утврди судот.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека тужителот преку полномошник на ??.??.2019 година, преку договорниот орган Општина Чаир, поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, против Одлуката за избор на најповолен понудувач од 21.10.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09186/2019 за набавка на стоки – огревно дрво на договорниот орган Општина Чаир.

По приемот на жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки го донела оспореното Решение бр.09-762/5 од 14.11.2019 година со кое ја уважила жалбата на ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ – Велес (сега тужителот) и ја поништила Одлуката за избор на најповолен понудувач од 21.10.2019 година донесена по Огласот за јавна набавка со постапка од мала вредност бр.09186/2019 за набавка на стоки – огревно дрво на договорниот орган Општина Чаир и го задолжила договорниот орган на жалителот – сега тужител да му ги надомести трошоците за жалбената постапка кои се однесуваат за такса за жалба во износ од 250,00 денари и такса за надомест за водење на постапката во висина од 3.070,00 денари, како и адвокатски трошоци за состав на жалба во висина од 5.900,00 денари, додека барањето за исплата на надомест за адвокатски трошоци во останатиот износ го одбила како неосновано, од причина што барањето за надомест на адвокатски трошоци за состав на полномошно и жалба е неоправдано и недокажано.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 165 став 1 точка 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), во постапката пред Државната комисија подносителот на жалбата покрај административната такса плаќа и надоместок за водење на постапката во зависност од висината на понудата и тоа до 10.000 евра во денарска противвредност, надоместок од 50 евра во денарска противвредност.

Согласно членот 166 став 7 в.в. став 3 од Законот за јавните набавки, во случај на целосно усвојување на жалбата договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката, така што Барањето за надоместок на трошоците за жалбената постапка треба да биде во потполност одредено, специфицирано и доставено пред донесување на решението.

Согласно членот 8 дел I точка 2 од Тарифата за награда и надомест на трошоци за работа на адвокатите („Службен весник на РМ“ бр.13/2017), за поднесоци со барање до 10.000,00 денари наградата за пишување изнесува 1.000,00 денари.

Согласно пак точката 13 од делот I, за необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби кога во оспореното решение на предјавените адвокатски трошоци од страна на тужителот за состав на полномошно, не им дал третман на оправдани и ги одбил како неосновани, при тоа образлагајќи дека овие трошоци не биле предвидени во Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Имено видно од списите во предметот, Судот утврди дека по однос на трошоците на постапката Државната комсија за жалби по јавни набавки го задолжила договорниот орган – Оппштина Чаир, да му ги надомести на сега тужителот – ЛАЈМАН ДРВО ДООЕЛ – Велес, само трошоците во износ од 250,00 денари на име административна такса и трошоците во износ од 3.070,00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, како и адвокатски трошоци за состав на жалба во висина од 5.000,00 денари и 900,00 денари за пресметан ДДВ, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Меѓутоа, Судот цени дека тужениот орган неправилно постапил кога го одбил како неосновано барањето на тужителот за исплата на адвокатски трошоци за состав на полномошно, констатирајќи дека ваквите трошоци не биле предвидени во Адвокатскиот тарифник. Ова од причина што видно од Трошковникот на полномошникот на тужителот како составен дел кон жалбата изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач од 21.10.2019, Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката е специфицирано и определено во делот на барањето за надомест за состав на полномошно, на начин што тужителот за состав на полномошно побарал износ од 1.300,00 денари согласно членот 8 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите каде во делот I точка 13 е предвидено дека за

необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден од наведениот член.

Во однос на останатиот дел од Барањето на тужителот за надомест на адвокатските трошоци за состав на жалба, Судот цени дека тужениот орган правилно одлучил на тужителот да му се надоместат адвокатски трошоци во висина од 5.000,00 денари и 900,00 денари за пресметан ДДВ, од причина што договорниот орган имајќи ја предвид проценета вредност на набавката на тужителот му ги признал само оправданите трошоци за состав на жалба додека по однос на барањето за останатиот износ, тужениот орган правилно констатирал дека истото не е во целост определено и специфицирано во однос на бараниот износ, односно на кои делови се однесуваат останатите дополнителни зголемувања за часовнина и зголемување.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи да ги прифати како основани тужбените наводи на тужителот во делот кој се однесува на барањето за надомест на адвокатските трошоци за состав на полномошно во висина од 1.300,00 денари согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, па врз основа сето погоре наведено го поништи оспореното решение во ставот 3 од изреката и го задолжи договорниот орган со трошоци, како во диспозитивот на оваа пресуда.

Пресудено во Управниот суд на 06.02.2020 година под У-5.бр.2032/2019

Записничар-раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител / и
- тужен орган

Претседател на советот – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ЕДП/

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник